РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-848/1

23-02-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот - Совет на МЗ -----------, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 46-та седница одржано на ден 19.02.2021 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-4735 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-4735/1 од 09.10.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот - Совет на МЗ -----------, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување во предметот 12-4735 од 2019 година, за предметниот случај во тек е постапка пред друг орган.

Предметот со број 12-4735 од 2019 година, да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-4735 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-4735/1 од 09.10.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот - Совет на МЗ -----------.

Во пријавата изнесени се наводи за незаконито црпење на песок од коритото на реката ----------- на територијата на Општина -----------, од страна на локална фирма во приватна сопственост на лице блиско до Градоначалникот, а на која бил овозможено на незаконит начин да добие дозвола за вадење на песокот.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид наводите на подносителот и во насока на утврдување на фактичката состојба, достави барање до надлежни органи и институции за податоци и информации во врска со предметниот случај. По барањето на Државната комисија доставено е известување и по разгледувањето на целокупната документација за предметниот случај, од страна на ДКСК утврдена е следната фактичка состојба:

- Во конкретниот случај, станува збор за наводи незаконито црпење на песок против локална фирма ------- ---------- – ------ која била во сопственост на сопругата на прв братучед на Градоначалникот

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

на Општина ---------- а која склучила договор со АД Водостопанство за вадење песок од реката ----------. Подносителот на пријавата имал сознанија дека во наведената фирма Градоначалникот ------- ---------- имал удел во машините за вадење песок и дека синот на сопственикот на приватната фирма бил вработен на работно место инспектор во АД Водостопанство, па оттаму се сомнева дека дозволата за вадење песок на предметната фирма била добиена со противзаконито влијание и злоупотреба на службена положба, судир на интереси и давање на мито и корупција и бара ДКСК да го истражи овој случај.

- Од страна на ДКСК извршени се проверки во врска со конкретниот случај при кои е констатирано дека:

* Во изјавата на интереси која е доставена до ДКСК од страна на Градоначалникот -------- ---------- нема наведено дека негово блиско лице е сопственик или е овластено лице во некое трговско друштво;

*Од евиденцијата на Централен регистар на РСМ прибавена е тековна состојба за фирмата ------ ----------- - --------, во која како сопственик и овластено лице е запишано лицето ----------- -------------.

*Во законските одредби кои ја регулираат оваа материја, конкретно во членот 142 став 2 и 3 од Законот за водите, е дефинирано дека: За вадењето на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, заради подобрување на режимот на водите се надлежни водостопанствата на подрачјето на своето дејствување, а единиците на локалната самоуправа се надлежни на подрачјата каде што не се основани водостопанства и во урбаните средини; Вадењето на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела се врши врз основа на дозвола која ја издава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина, по поднесено барање за издавање на истата.

Образецот на барањето за издавање дозвола за користење на водата е објавено на веб страницата на Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ и во него во Делот 3.2.1 наведена е намената на водата која се зафаќа или црпи за категоријата : Миење и сепарирање на песок, чакал и камен. Дозволата за вадење на песок, чакал и камен од коритата и бреговите на површинските водни тела, се евидентирала во водната книга, како целосен и постојано ажуриран регистар пропишан од министерот, а во која увидот во содржината на водната книга бил слободен за јавноста без надоместок, со исклучок на податоците од доверлив карактер, како и секој имал право да побара копија од податоците содржани во водната книга. (*чл.160 од Закон за водите*)

*Во врска со предметните наводи во медиумите има објава од 03.12.2019 година, за тоа дека жителите на село ----------- излегле на протест и барале локалната фирма „------- -------------" од соседното село ----------- да го стопира црпењето песок од коритото на реката -------------, а поради тоа што со црпењето на песокот им се загрозувало нивото на водата во бунарите од кои тие се снабдуваат со вода за пиење. Жителите протестирале пред општинската зграда а таму биле присутни инспектор од Министерството за животна средина и претставник на АД Водостопанство.

-На ден 26.02.2020, година, по барањето на ДКСК, од страна на АД Водостопанство - Подружница ---------- - -----------, доставено е известување со кое известуваат дека во врска со активностите преземени за вадење на песок на наведената предметна локација надлежна за постапување била Подружницата ------ --------- --------- ----------.

- На ден 01.03.2020, година, по барањето на ДКСК, од страна на Државниот инспекторат за животна средина доставено е известување со кое се известува дека од страна на овој инспекторат во два

наврати имало постапување во врска со предметниот случај и согласно надлежностите од член 230 и 142 од Законот за води и била извршена контрола преку водостопански инспектор односно, бил извршен инспекциски надзор за што биле изготвени записници и било издадено решение кон АД Водостопанство на РСМ, а од увидот во доставената документација во прилог на ова известување констатирано е дека:

1)На ден 05.09.2019 година, по претставка/барање од 03.09.2019 година доставено од страна на МЗ ----------, бил извршен инспекциски надзор во АД Водостопанство а во истиот бил извршен теренски увид во два наврати и тоа на 05.09. и на 07.10.2019 година, на кој биле присутни претставници и граѓани од МЗ и претставници од носителот на дозволата за вадење песок (*издадена од 15.05.2019 и си важност од две години*), но, на истиот не присуствувале и претставници од наведеното АД иако биле уредно известени за вршењето на надзорот. За извршениот надзор бил изготвен Записник ИП1---- - ----- на кој АД Водостопанство немале забелешки. Во записникот била констатирана фактичката состојба и било изготвено Решение од 14.10.2019 година за АД Водостопанство како носител н дозволата за вадење на песок, чакал и камен заради подобрување на режимот на водите и истиот ден им било доставено известување до подносителите на претставката за извршениот надзор. На ден 05.11.2019 година, по добиено писмено од АД Водостопаство дека можел да се направи инспекциски контролен увид, од страна на водостопански инспектор бил извршен теренски инспекциски надзор при кој било констатирано дека не било во целост постапено од страна на АД и истото било задолжено да достави мерење на висинските точки на габионите, кое требало да биде направено од лиценцирана геодетска фирма.

2)На ден 21.11.2019 година, преку Инспекцискиот совет на РСМ до Државниот инспекторат за животна средина била доставена претставка од МЗ ----------во однос на можни неправилности во работењето на субјектот ------ --------- кој имал склучено договор за регулација на река ---------------- во атарот на селата --------- и -------- ----------. Кон претставката им била доставена и петиција потпишана од 248 жители од МЗ ---------. Постапувајќи по доставената претставка, на ден 03.12.2019 година од страна на водостопански инспектор бил извршен вонреден инспекциски надзор врз работата на АД Водостопанство и бил изготвен записник за констатираната состојба. На увид на лице место при надзорот биле присутни претставници и од АД и од подносителите на претставката. При надзорот бил направен увид во дозволата за вадење песок и биле дадени констатации согласно Законот за јавните патишта а по однос на сообраќајното решение за превоз на извадениот песок, со укажувања до субјектот на надзорот за нивната обврска од овој закон, а исто така биле дадени констатации и по однос на реализацијата на проектот во согласност со издадената дозвола каде биле констатирани неколку недостатоци на АД поради кои наведената приватна фирма можела и вршела копање на левиот брег кој веќе бил оштетен од поранешно диво копање а истиот требало да биде саниран од страна на АД и ископот на песок да биде контролиран континуирано. По однос на констатираните недостатоци, од страна на водостопанскиот инспектор согласно своите овластувања (*од член 230 и 105 од Законот за води*), биле издадени задолженија до АД Водостопанство .

АД Водостопанство, незадоволно од постапувањето на инспекторот, на ден 13.12.2019 година поднело барање до директорот на Државниот инспекторат за животна средина со кое побарале да се покрене дисциплинска постапка против водостопанскиот инспектор, одземање на лиценцата, надомест на штета за наводно претрпениот страв на вработените во АД, како и надомест на штета што наводно ја претрпело АД Водостопанство. По ова барање, од страна на директорот на Државниот инспекторат за

животна средина , било постапено и на ден 16.12.2019 година било испратено известување до АД Водостопанство, До Министерството за животна средина – Управа за животна средина – сектор води и до Инспекцискиот совет на РСМ. Во известувањето, образложени се постапките за извршениот надзор, *кои се и погоре наведени во текстот*; образложени се законските надлежности и овластувања на водостопанскиот инспектор како и законските одредби по кои тој постапувал и ги применувал при своето постапување; отфрлени се сите наоди за вмешаност на инспекторот во протестите на населението поради тоа што сите увиди на лице место биле направени по доставени барања и претставки директно до државниот инспекторат и преку Инспекцискиот совет, дадено е толкување од законските одредби за тоа во кои случаи може да биде поведена дисциплинска постапка согласно кое во постапувањето на предметниот водостопански инспектор немало направено такви прекршувања, а на крајот се изнесува став дека на АД треба јасно да му биде укажано дека дозволите за вадење на песок, чакали камен се издаваат заради подобрување на режимот на водите и заштита од штетно дејствие на водите, додека прометот на песок е можен, но е спореден.

Воедно, од страна на АД Водостопанство по однос на вршењето на надзорот бил поднесен приговор до Инспекторатот, во врска со што им било испратено известување од 20.01.2020 година дека нивниот поднесен приговор немал законски основ и дека во ова АД ќе биде продолжен инспекцискиот увид и од страна на државниот главен водостопански инспектор ------- ------------- ќе била извршена контрола над издадени дозволи за уредување на речни корита за да се утврди законското работење на наведеното АД.

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во врска со конкретниот предметен случај било постапено од страна на друг орган кој се надлежен да постапува – Државниот инспекторат за животна средина и Инспекциски совет, а воедно за случајот се водела и постапка по инспекциски увид од страна на државен главен водостопански инспектор во кој се вршело контрола над издадени дозволи за уредување на речни корита за да се утврди законското работење на АД водостопанство, а која постапка била се уште во тек. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај, постапката по предметот се запира и предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**м-р Шемши Салаи**

Доставено до : Архива и Подносител

По заклучок на ДКСК,
Изработил: Ј.Ц., Советник
Одобрил : м-р Ш.С., Член на ДКСК